Средба со повод со: **Ѓорѓи Трпчески**, претседател на Комисијата за спорт и рекреација на Извршниот одбор на СЗПМ

# Значајни постигања



**Во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија веќе десет години се одржуваат спортски пензионерски натпревари. Господине Трпчевски, какви се вашите впечатоци за досега одржаните спортски игри?**

- Веднаш сакам да нагласам дека на почеток можеби на некои им беше чудно да се организираат спортски игри меѓу пензионерите, сега со задоволство може да се каже дека целта беше оправдана. Игрите се масовни и квалитетни, со богата содржина и тоа е пензионерска активност што само може да се посака. И додека на првите средби учествуваа 75 пензионери-спортисти, минатата, на Деветтите републички спортски пензионерски натпревари имаше 350 натпреварувачи. Првите пензионерски спортски натпревари на државно ниво се одржаа 1966 година во Охрид, потоа во Дојран, Куманово, Виница, Ресен, Велес, Охрид, Кавадарци и Струга.

При ова треба да додадам дека е задоволство да се следат овие спортски игри и средби, на кои пензионерите се натпреваруваат, но и другаруваат, шират познанства и развивајќи го здравиот дух и во "третата доба" постигнуваат резултати за почит.

**Какви се оценките за одржаните регионални спортски средби?**

- Годинава успешни домаќини на регионалните пензионерски спортски натпревари беа здруженијата на пензионерите во Валандово, Штип, Крива Паланка, скопски Центар, Гостивар, Крушево, Дебар и Македонска Каменица. На регионалните натпревари учествуваа околу 990 натпреварувачи. Од подготвениот табеларен преглед на непосредни учесници и на екипи и поединци што на регионалните спортски натпревари ги освоија првите места, кај повеќе здруженија на пензионери во нашата држава се забележува значителен напредок, но Републичката комисија за спорт и рекреација ќе треба да ги согледа причините за неучеството на здруженијата од Битола, Стар Дојран, Злетово, Пехчево и Лабуништа.



Со учество на сите здруженија на регионалните натпревари се овозможува поголема масовност и конкуренија, а со тоа и квалитет. Наедно, треба да се каже и тоа дека на регионалните натпревари први места не освоија единствено екипите и поединци од здруженијата: Македонски Брод, Валандово, Гевгелија, Богданци, Ново Село и Свети Николе, така што тие нема да имаат свои претставници во натпреварите на Републичките спортски игри.

**Какви се подготовките за Десеттите јубилејни републички пензионерски спортски натпревари?**

- Како Комисија работиме според правилник со пропозиции и со сесрдна помош на раководните структури на СЗПМ настојуваме сите подготовки да бидат благовремени и успешни. Како што е познато, јубилејните спортски натпревари ќе се одржат на 10 септември на терените крај велешкото езеро "Младост", а ќе учествуваат 299 натпреварувачи-пензионери, од кои 166 во машка и 133 во женска конкуренција. Натпреварите ќе се одвиваат во осум дисциплини: стрелаштво, пикадо, шах, тегнење јаже, трчање, брзо одење, фрлање ѓуле, скок од место и домино. Се очекуваат фер и успешни натпревари, а самиот јубилеј треба да значи и потврда на историјатот на овие спортски активности.



Дебар:Големо интересирање за спортски натпревари

**Разговорот го водеше**
**Драги Аргировски**

Регионални спортски натпревари во Крива Паланка, Штип, Дебар и Македонска Каменица

# Спортувања со добри резултати



Крива Паланка

На регионалните спортски натпревари во **Крива Паланка** учествуваа пензионери од Куманово, Кратово, Пробиштип и од градот домаќин. Во стрелаштво и во машка и женска конкуренција најдобри беа од Куманово, како и во пикадо, додека во шах кај жените најдобри беа од Пробиштип, а кај шахистите Куманово. Во тегнење јаже кај мажите победи Пробиштип, а кај жените Куманово. Во трчање првите места ги освоија Ленче Митевска и Благоја Цветановски од Кратово, во брзо одење Љубива Кузмановска и Бранко Роквиќ од Куманово, како и во фрлање ѓуле Елена Апостолова и Бранко Почука. Во домино најдобро беше Цветанка Атанасова од Крива Паланка, а кај мажи Ѓорѓи Димитров од Куманово, додека неговиот сограѓанин Томислав Пановски победи во скок од место.

Во **Штип** силите ги одмерија пензионерите од Струмица, Радовиш, Лозово и домаќините од Штип кои беа најдобри во стрелаштво во двете конкуренции, додека во пикадо победи екипата на Струмица во машка, а на Штип во женска конкуренција. Најдобри беа и шахистките и шахистите од Штип, а во тегнење јаже победи екипата на Штип во женска, а Струмица во машка конкуренција. Во трчање првото место го освоија Вера Стојанова од Радовиш и Маше Лазаревски од Струмица, во брзо одење Ѓурѓа Јованова од Штип, во фрлање ѓуле Данка Ефтимова од Радовиш и Димче Тошев од Штип, во домино Руса Илиева од Лозово и Димитар Тунев од Штип и во скок од место штипјанецот Димче Ѓошев.



Членови на организациониот одбор на СЗПМ во Дебар

Многу добра организација беше и на натпреварите во **Дебар**, на кои учествуваа пензионери од Охрид, Кичево, Струга, Македонски Брод, и од градот домаќин. Во стрелаштво кај жените победи екипата на Кичево, а кај мажите Охрид, во пикадо во двете конкуренции најдобри беа од Охрид, во тегнење јаже кај жени Кичево, а кај мажи Охрид, кои победија и во шах, додека првите меса во трчање и во брзо одење ги освоија Благица Маркулеска, Наум Пуфтовски, Симон Илиевски и Наумка Пенезиќ сите од Охрид, во фрлање ѓуле најдобри беа Марија Гоцо од Струга и Ѓорѓи Јанковски од Охрид, а неовиот сограѓанин Доко Беадин беше најдобар во скок од место. Во домино победи Попинер Али од Дебар.

Во почетокот на овој месец се одржаа регионалните натпревари во осмата последна група во **Македонска Каменица** со учество на Здруженија на пензионери од Кочани, Виница, Берово, Делчево и Каменица. Во стрелаштво кај мажи победи екипата на Кочани, а кај жени Македонска Каменица, во шах во двете конкуренции победи Кочани, а во пикадо кај мажи Македонска Каменица, а кај жени Делчево. Екипата на Каменица беше најдобра и во тегнење јаже, а кај жени Берово. Во брзо одење првите места ги освоија Стојанка Атанасова од Делчево и Драги Ефремов од Виница, во фрлање ѓуле Велика Илиева од Македонска Каменица и Методи Воинов од Виница, во пикадо Ѓорѓи Соколов од Делчево и Миропа Иванова од Мак. Каменица, додека нејзиниот сограѓанин Драган Јовановски беше најдобар во скок од место.

Најдобрите екипи и поединци изборија пласман за 10 јубилејни Републички спортски пензионерски натпревари што на 10 септември ќе се одржат крај велешкото езеро "Младост".

ВЕСТИ

# Гевгелија: Акција

Здружението на пензионерите на Гевгелија се вклучи во остранувањето на последиците од минатогодишните јунски поплави во овој крај. Тогаш беше поплавена и пензионерската зграда на ул. "Коле Неделковски" во Гевгелија во која живеат над 40 станари пензионери, при што посебно беа оштетени подрумите. Акцијата помогна подрумите да бидат уредени, искречени и дезинфецирани, а на прозорците се поставија нови стакла и челични решетки. Со донација на пластични цевки од претпријатието "Конти Хидропласт" од Гевгелија беше изградена и канализациона мрежа за атмосферската вода во должина од 50 метри, а беше уреден и влезот на зградата. За овие зафати Здружението на пензионерите вложи над 70.000 денари, а Кризниот штаб само 3.500 денари.

**Љ. Делев**

# Крива Паланка: Изложба



Во организација на Здружението на пензионерите во Крива Паланка во Домот на културата беше отворена изложба на слики на познатата професорка - пензионер **Даринка Тасковска**. Беа изложени 30 дела изработени на платно и хартија, кои привлекоа посебно внимание со својот колорит и пејсажот. Изложата на живописните слики на Тасковска наиде на убав прием кај граѓаните на Крива Паланка, како и на пензионери од регионот на Куманово и гости од СЗПМ.

Изложбата ја отвори претседателот на Здружението на пензионерите на Крива Паланка Славко Стојановски.

# Пробиштип: Награда во Долнени

На 31. фестивал на народни песни и инструменти "Пеце Атанасовски" во Долнени - Прилепско, меѓу триесетината друштва од сите краеви на Македонија се најдоа и дел од членовите на КУД "Весели пензионери" од Пробиштип, при што се претставија со нови песни и ора од Пробиштипско. Машката пејачка група се претстави со песната "Кукавичице ти мало пиленце", вокалното трио ја исполни извикувачката песна "Стадо пасе срдита Марија", женската пејачка група настапи со мошне старата песна "Заспал Иво камена клисура", а групата гајдари во придружба на тапан исполни сплет ора од Пробиштипско. Со сплет ора на дудук се претстави и Раде Никодинов.



Застапеноста на изворните елементи на учесниците од КУД "Весели пензионери" ги плени присутните, за што добија и бурни аплаузи. Првото место во категоријата вокални триа му припадна на триото од Пробиштип и песната "Стадо пасе срдита Марија". Меѓутоа, според зборовите на жири-комисијата, во ништо не заостануваа и останатите изведби, со што друштвото го задржува епитетот трагач по изворното. Членовите на КУД "Весели пензионери" имаа мошне успешен настап на Денот на културата - 10 Јуни во Пробиштип, што беше организиран од страна на локалната самоуправа и Домот на културата. Во 30-минутната програма тие мошне успешно презентираа дел од својот богат репертоар, а изворните елементи ги пленија срцата на присутните во преполната киносала.

**М. Здравковска**